ВЕРА БИТРАКОВА ГРОЗДАНОВА
Филозофски факултет
Скопје

**УДК 902/904/497.7**

# ОХРИДСКО ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН ВО РАНАТА АНТИКА

*Айсшракш*: Авторот ги изнесува согледувањата околу културното единство на двете регии од една и различноста од друга страна. Заклучоците ги изведува преку доказите кои ги пружаат пишаните извори и археолошки наоди. Во тој контекст ги подвлекува економските, трговските и културните врски на Охрид и Преспа со Епир, Пелопонез, јужна Италија и најинтензивно со Македонија.

Археолошките истражувања водени во регионот на Охрид и Преспа последниве триесетина години континуирано ги надополнуваат нашите согледувања и заклучоци по повеќе прашања за животот на населбите во овај простор воопшто во антиката. За овај јубилеј на списанието *Жива Аншика* каде што се многу често обелоденувани прилози од истражувањата посебно од Охридскиот регион, одбрав неколку новини кои покрај познатите наоди, ми се чинеа од една страна заеднички во однос на матерјалната култура на двата региона, но и различни во однос на економските, трговските и културните врски со одредени соседни и подалечни земји на античкиот Балкан. Секако тука станува збор за два различни фактори во комуникациски однос од кои Охрид е секогаш на делницата Исток/Запад, но и свртен кон југот, додека долна Преспа, не секогаш на главните патишта, се покажува ориентирана кон југот. Единството на двете области се согледува и преку античките извори, кои во модерната историографија се толкувани а езерата од тој простор нарекувани „дасаретски езера“.

Во пишаните извори не се среќава името на Преспанското Езеро. Но затоа Страбон[1] зборува за „езерата околу Лихнидос“ кон кои водел Егнатискиот пат, пресекувајќи ги Кандависките планини (денес Мокра, Јабланица, на запад од езерата). Во тие езера, според истиот извор, се сушела рибата од богатиот лов, кој што обичај и денес се задржал во некои

[1] Strab.VII,7,8.

села на Преспа. Во множеството на езерата (лихнидските, дасаретските) можеби треба да се вброи и езерото Малич во Корчанската рамнина, денес исушено. Поради тоа подоцна ќе се јави и терминот „дасаретски езера“, но пред сè имајќи на ум дека од 3. век овие две области претставуваат дел од Дасаретија, наречена според племето Дасарети, или обратно!?

Пространата област Дасаретија на исток се смета дека се граничела со горно македонските области Орестида и Линкестида[2]. Тука се поставува прашањето на која област припаѓало ресенското поле и каде би била границата помеѓу Дасаретија и Линкестида. Со откривањето на натписот од Ресен, датиран со македонска ера, Ф. Папазоглу смета дека регијата на двете езера припаѓа на Македонија[3]. Сепак треба да се има предвид дека изворот е од римско време, а со него не се определува поконкретно етничката припадност. За определба на припадноста на ресенската рамнина треба да се респектира и природната бариера на планинскиот венец Баба, Бигла, Плаќенска Планина и Илинска Планина, веќе посочувани како западни граничници на Линкестида[4]. Од изворите е јасно дека Линкестида на запад се граничела и со Дасаретија[5], но каде поточно може да се согледа на теренот контактната зона, е отворено прашање. Што се однесува до Долна Преспа или областа на езерата, се смета дека таа територија припаѓала на Орестида[6]. Со сигурност кон споменатата горномакедонска област е приклучена регијата на Мала Преспа или Вентрок, како понекогаш се нарекува, поткрепено со натписите од Винени и од островот Св. Аил, каде е лоцирана населбата Лике[7]. Но дали и областа на Големото Езеро припаѓала на Орестида тешко може да се заклучи[8]. Постои можност на припадност кон Дасаретија, посебно југозападниот крак на Го-

[2] Liv. XXXII, 9, 9; F. Papazoglou, *Les villes de Macédoine à l'époque romaine*, Paris 1988, 271, 256-258;

[3] Ibid. 271; Н. Проева, „Три надгробни споменици од преспанскиот крај“, *ЖА* 36, (1986), 59; IG X, IM II, Berolini 1999, 26-27, n. 48.

[4] F. Papazoglou, *Les villes*, 75.

[5] Liv. XXXI, 33, раскажува дека римските војници улогорени во Линк биле испраќани да го собираат дасаретското жито од конзулот Сулпикиј, што укажува на две области кои се граничат.

[6] F. Papazoglou, *Les villes*, 234, 242; Γ. Καραμήτρου Μεντεσίδη, *Βοϊον–Νότια Ορεστίς*, 82–83.

[7] Θ. Ριζακης–Γ. Τουρατσογλου, Επιγραφής ανω Μακεδονίας, Αθήναι 1985, αρ. 170, 147; F. Papazoglou, *Les villes*, 234, 242-243; Γ. Καραμητρου Μεντεσιδη, op.cit. 82-83.

[8] И покрај тоа што во последно време се поместува границата на Орестида до Ресенската равница, види fus. not. 6, сепак контактната зона меѓу Дасаретија и Линкестида треба да се очекува северно од Преспанското Езеро.

лемото Езеро кое излегува кон областа на корчанското поле и на езерото Малич,затворени од исток со планинскиот венец на планината Морава[9].

На југ и југозапад Дасаретија се граничела со епирските области до реките Девол и Осум, или со Параваја и Атинтаните[10]. Постои и мислење дека Дасаретите се блиски или идентични на Дексарите, кои пак се произлезени од хаонците-епирци[11]. Според други автори Дасаретите ги издвојувале македонските племиња од Атинтаните на запад и другите епирски племиња[12]. Но се чини дека на запад не ги преминуваат ниту Кераунските планини ниту пак Кандависките како се нарекуваат во изворите „илирски"[13].

На северо-источната страна Дасаретија веројатно се простирала до Деуриопос и Пенестинската земја во кичевско-дебарскиот регион[14], која пак подоцна ќе биде вклучена во областа на Дасаретија[15]. Што се однесува до изнесеното мислење дека Дасаретија се простирала до Полозите, базирано на анализата на ономастичкиот матерјал, кој е доминантно неилирски[16], не е прифатливо. Всушност, таа оно-

[9] N. G. L. Hammond, *History of Macedonia I*, Oxford 1972, 101, границата ја поместува на исток од Морава до полето во Полошке; F. Papazoglou, *Les villes*, 234, 242, 243, полето на Полошке го сместува во Орестида со западна граница на планината Морава и логично одредување на регијата на Корча во Дасаретија; Γ. Καραμιτρου Μεντεσιδη, op.cit. 83-85, границата на Орестида кон запад ја поместува до Корча, а на север, до езерата на Преспа и до Ресен; P. Cabanes, *Les Illyriens de Bardilis à Genthios*, IVe-IIe s.a. J.-C. Paris 1988, 39, на исток границата на Дасаретија ја поместува до јужните делови на езерата на Преспа, а на север Линкестида ја проширува до Охридското Езеро, доста произволно, без да ги почитува двете планински бариери на Бигла, Петрино, Галичица.

[10] Μ. Γ. Δήμιτσα, Αρχαία Γεωγραφία της Μακεδονίας, Αθήνησι 1876, 598, и според картата на Киперт; Ф. Папазоглу, *Монографија за Охрид*, Скопје 1985, 73.

[11] N. G. L. Hammond, *Epirus*, Oxford 1967, 467, 451.

[12] M. Hatzopoulos, "Les limites de l'expansion macédonienne en Illyrie sous Philippe II", *L'Illyrie Meridionale et l'Epire dans l'Antiquitée*, Clermont-Ferrand 1987, 82.

[13] Strab. VII, 5, 1, VII, 7, 4, VII, 7, 8.

[14] Изнесени се повеќе мислења околу лоцирањето на „пенестинската земја" Liv. XXIII. 18. Пенестите се споменувани во 2 век п.н.е. во војната со Персеј со Илирите и Римјаните; F.Papazoglou, Les Villes, 75, 76; Ead. Охрид; В. Битракова Грозданова, Прилог кон античката историја на Дебарскиот крај, Историја 10, Скопје 1980, 195-199.

[15] N. Proeva, "Enchéléens-Dassarètes-Illyriens. Sources littéraires, épigraphiques, L'Illyrie Méridionale et l'Epire dans l'antiquité II, Paris 1993, 193, 198.

[16] Ibid. 192-198.

мастика со неилирски елементи[17], што е секако точна констатација, наоѓа објаснување во припадноста на оваа област до крајот на 4 век на Пајоните (може би Агријаните)[18]. Исто така и податокот што го пружа Страбон (7,7,5) дека Дасаретите беа помеѓу Аутаријатите, Дарданците и Агријаните, не е сосема релевантен за таков заклучок. Дарданците можеа да се граничат со Дасаретите од кога по келтската наезда се спуштија во скопско полошкиот регион и кога Пенестите помеѓу нив се инкорпорираа во дасаретската заедница.

Прво споменување на Дасаретите (Сесаретите) се среќава кај Хекатеј кој ги поврзува со Енхелеите[19]. Во времето на Филип II, во војната со Илирите, според Диодор границите на македонската држава се преместуваат до Лихнидското езеро[20], но во тој извор не се споменува Дасаретија. Дури од 3 век п.н.е. кога во оваа област се случуваат многу историски настани и војувања меѓу Илирите, Македонците и Римјаните, тогаш Дасаретија е често бележена како простор со повеќе градови[21]. Очигледно е дека Дасаретија е доста пространа област во зависност од времето. Јасно е дека охридскиот регион припаѓал на Дасаретија[22] како и голем дел од јужните области на Преспа.

---

[17] Околу миксоглотијата на натписот од Лешок, обелоденет од I. Mikulčić, "Teritorija Skupa", *ŽA* 21, 1971, 169, пишуваа: J. Bousquet, "Une épigrame funéraire grecque de Dardanie", *ŽA* 24, 1974, 257; D. Rendić-Miočević, "Ilirski vladarski novci u Arheološkom muzeju u Zagrebu", *VAMZ* 6-7, Zagreb 1973, 253-254; Id. "Novi prilozi pitanja Rhedon - emisije lješke kovnice", *VAMZ* XVIII (1985) 53, го изнесува своето мислење за припадноста на старобалканската антропономија како и одредувањето на теоморфноста на името ΡΗΔΩΝ (Rhedon), посочувајќи ги како доказ натписите од јужна Италија. Исто така и H. Ceka, *Questions numismatique illyrienne*, Tirana 1972, 162, го застапуваше тоа мислење околу теоморфноста; N. Proeva, op.cit. 193, ги превзема мислењата од двата предходни автори, без да ги спомене нивните дела.

[18] Merker, "The Ancient Kingdom of Paeonia", *BS* 6,(1965) 41; В. Соколовска, „Пајонските племиња Агријани и врските со Дамастион", *МАА11* (1990), 16-18; Е. Петрова, „Пајонските племиња и Пајонското краство во II и I милениум п.н.е." *МАА* 12, (1991) 41-44, 128.

[19] Liv. XLIII, 10-21; Plin. IV, 3; коментари околу изворите за Енхелеите кај R. Katičić, "Enhelejci", *GodCBI*, XIII-13, Sarajevo 1977, 8-15.

[20] Diod, XVI, 8.

[21] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје 1957, 224-228.

[22] И ономастичкиот матерјал од Охридскиот регион покажува миксоглотија, Ф. Папазоглу, Охрид, издвојува доминантно присуство на македонско-грчки имиња, N. Proeva, op.cit. 193-199, ја проширува листата на македонските и покажува колку е мало присуството на илирските имиња; М. Тодоровиќ, „Фригиско бригиски Συβρις–Ξανδις во Македонија и Συβρος–Ξανθις во Мала Азија", *Јазиците на почвата на Македонија*, Скопје 1996, 140-146, идентификува бригиски имиња, што е можно, а што се однесува до „италската теза", која сосема произволно ми ја припишува овај автор, не сум ја

Во модерната историографија најчесто западната границата на Аничка Македонија се повлекува помеѓу Охридското и Преспанското Езеро, притоа без да се наведат сигурни докази, базирано на податокот дека на Егнатиевиот пат се наоѓаат и Лихнид и Пилон[23], а последниот како граница меѓу Епир и Македонија[24]. Станува збор за извор од доцната антика кој што се однесува на административната граница меѓу истоимените провинции, формирани во времето на Диоклецијан, па немора да означува и етничка граница.

Се чини дека сместувањето и простирањето на Дасаретија најсоодветно ја дефинирал Хасопулос, кој ја именува како „преодна област" меѓу Горна Македонија, Епир и Илирија[25], но пред сè имајќи на ум дека нејзинита територија се проширувала или се поместувала во една диахронија.

Студирајќи ги археолошките податоци од разгледуваните области, често ми се наметнувале одредени заклучоци околу животот, творењето и комуникацијата со античкиот свет. Секако дека во поновите истражувања на Охридското Кале нè возбуди наодот на еден културен слој од 8/7 век[26], дефиниран хронолошки со откриената керамика од типот „мат сликана" (сл. 1), која беше доминантна во Корчанската рамнина, на југ во Епир и на исток во Горна Македонија[27]. Сметам дека тоа се првите докази кои ја навестуваат свртеноста на оваа област кон епирско-македонскиот културен круг, кога се иницираат на некој начин струењата од геометрискиот стил на истата епоха, дефинирана на југот на Балканот како историска епоха на раната антика. Секако дека е тоа време кога дел од Дасаретија е населена со други популации кои ги бележат изворите (Бриги, Енхелеи)[28].

застапувала поради посочувањето на две слични имиња од италскиот простор, види В. Битракова Грозданова, *Сӣоменици*, 110; за миксоглотијата и ономастиката на Баканот и критичноста во донесување на заклучоци види М. Будимир, *Грци и Пеласӣи*, Београд 1950, 1-67; Е. Петрова, *Бриīи*, Скопје 1996, 181-182, исто така зборува за старобалканскиот ономастички субстрат.

23 Strab. VII, 7, 4; F. Papazoglou, Les villes, 74, 75.

24 Ф. Папазоглу, Охрид,113; Ead, *Les villes*, 92-93.

25 M. B. Hatzopoulos, *Macedonians institutions under the kings*, Athens 1996, 104.

26 V. Bitrakova Grozdanova, P. Kuzman, "Lychnidos dans la haute antiquité (nouvelles preuves archéologiques)", *ŽA* 57, 1997, 20, 21.

27 W. A. Heurtley, *Prehistoric Macedonia*, Oxford, 1939, 99; I.Mikulčić, *Pelagonija*, Skopje 1966, 28-29; F. Prendi, "Un aperçu sur la civilisation de la première période du fer en Albanie", *Iliria* III (1975), 109-138; Ž. Andrea, "La civilisaton des tumuli du bassin de Korča", *Iliria* IV, (1976), 140-142; I. Βοκοτοπουλου, *Βιτσα*, Αθηνα 1986, 237–276; Е. Петрова, *Бриīи*, 45, 66-69; Γ. Καραμήτρου–Μεντεσίδη, op.cit. 126-142.

28 Ф. Папазоглу, Охрид, 70-78.

Нова силна потврда за обичаите, трговските релации, за моќта на локалните кнезови, се секако остатоците од тумулите откриени во Требеништа, Делогожда во охридско-струшкото поле. Околу 80 год. се пишува низ светската литература за предметите од Требениште од злато сребро, бронза, за ритуалите и за нивната етничка припадност[29]. Но најмногу го побудува интересот околу дефинирањето на потеклото на предметите, откривањето на работилниците и пазарите на купување. Предлогот на Б. Филов изнесен пред 80 год., прифаќан, отфрлан, модифициран, сè уште е актуелен, посебно што се однесува до коринтската провениенција на еден дел од откриените прилози[30].

Така дел од тие луксузни премети се врзуваат со работилниците од Коринт, од Лаконија, или за оние ателјеа кои преземаат одредени стилски особености од пелопонескиот круг, а се наоѓаат во епирско-јадранскиот простор[31]. Но посебно внимание се обрнува и на тореутските центри во Magna Graecia (Тарент, Сибарис, Метапонт) каде се изведуваат со одредени особености на италската бронза како и на влијанијата од Грција[32]. Но сепак изворната идеја со многу деталната анализа на бронзените садови се бара во Коринт.

Во ископувањата во тумулусот во Делогожда[33], надвор од гробните конструкции, откриена е една апликација со пластична изведба на фронтално поставена протома на лав чија глава се потпира на предни шепи[*] (сл. 2). Долго трагајќи за аналогни претстави дојдов до следните заклучоци: апликацијата припаѓа на рачка од лекане (леген), а може и капак на поданиптер, исто леген со капак; веројатно биле две рачки, од кои другата е изгубена во предходните диви копања на теренот. Се чини дека временски таа секако припаѓа на една

---

[29] Најнови истражувања со литература П. Кузман, *Три челусӣи и Врӣулка*, Требениште 1972, Охрид 198; и најнови предлози од В. Соколовска, *Еӣнички носиӣели на ӣребенишкаӣа кулӣура*, Скопје-Охрид, 1997.

[30] B. Filow, K. Schkorpil, *Archaische nekropole von Trebeniscte am Ochridasee*, Berlin 1927, 105-107.

[31] I. Βοκοτοπούλου, Χάλκαι κοριντιουργείς πρόχοι, Αθηνα 1975, 138–147, 170; Cl. Rolley, *Les vases de bronzes de l'archaisme récent en grande Grèce*, Naples 1982, 60-66.

[32] Cl. Rolley, *Les vases*, 69, 95-97, троножецот од Требениште го поврзува со истиот од Метапонт со „лаконски стил" или „лаконизиран стил".

[33] В. Битракова Грозданова, „Некрополата кај Делогожда во близина на Струга", *MAA* 6, Скопје 1983, 63-69 V. Bitrakova Grozdanova, "Sveti Ilija/ Delologožda", *Arheološki Pregled* 1987-88, 106, 107; Ead., "La nécropole antique de Delogo, da et sa chronologie", *AM* V/1, Thesaloniqie 1993, 169-177; Ead. "Le tumulus de Delogožda (région d'Ohrid)", *Pact* 48, Louvain-la Neuve 1996.

[*] Димензии 5x6 cm.

задоцнета архајска фаза, имајќи ги пред сè во предвид фронталноста, спиралните линии на челото, симетрично исцизелирани; гривата недостасува, која ја има на слични протоми на бронзата од ова време (јуж. Италија, Епир, Коринт). Но нешто што се спротиставува на архајскиот манир на силно отворени очи, на ова претстава се полуспуштените горни капаци над очите, а лавот изгледа како да дреме. Сите овие особености го навестуваат новото време. Затоа сметам дека апликацијата треба да се датира во првите децении по 500 година.

Веќе во кратката анализа, изведена за оваа прилика, ги посочив локациите на наоди на слични апликации. Посебно се истакнува наодот од Кавалино во Мезапија, денес во музејот во Тарент; тоа е апликацијата на рачката на ребреста ситула, секако северноиталски тип, најдена во гроб од почеток на 5 век[34]. Но сепак, најблиска аналогија на апликацијата од Делогожда е претставата на протомата-лав поставена на рачката на еден бокал-прохос, откриен во гробот 4/88 од локалитетот Глава-Като Меропи, во Епир, датирана во 1/4 на 5 век[35]. Познато е во која мера во архајската епоха тореутските работилници на Коринт и Пелопонез произведуваат извонредни дела на уметничка бронза. Тие преку трговијата стигнуваат и на македонскиот брег но и во внатрешноста на Балканот преку Амбракија и Епир и во охридскиот регион. Релациите со Епир се очиглени; треба да се согледаат и во постоењето на ателјеа и во тој простор, чии мајстори се инспирирале и ги подражавале делата на големите центри, секако пелопонеските.

Врските со југот се потврдуваат исто така и со откриената сликана коринтска керамика во Делогожда и атичката(?) во Требеништа.

Во Охридскиот регион во кој се повеќе истражувани, по некоја случајност, хоризонтите од 4-2 век, од кое време се откриени повеќе некрополи, нè упатуваат пак на следење на врските со југот. Во некрополите од Црвејнца и Требенишко Кале[36] во хеленистичките гробови се откриваат бронзени садови кои се идентични со наодите од Вотоноси(Епир)[37],

---

[34] C. Rolley, "Bronzes en Messapie", *Atti stud. sulla Magna Graecia XXX*, Napoli 1993, 197-201, T. VIII-IX; искажувам благодарност на К. Ролеј за испратениот труд.

[35] Η. Ανδρέου, Χάλκινα αγγία από τάφους της Μερόπης Πωγωνίου, ΜΥΡΤΟΣ Ι. Βοκοτοπούλου, Θεσσαλονίκη 2000, 12–13; слични претстави на протоми на рачка од ојнохои најдени се во Додона, види I. Vokotopoulou, "Le trésor de vases de bronzes de Votonosi", BCH 99 (1975), 48-49.

[36] В. Лахтов, „Археолошки ископувања на Требенишко Кале кај с. Требениште - охридско", 1953/1954, *Лихнид* II-III, Охрид 1959, 57-59.

[37] I. Vokotopoulou, op.cit., 781-785, 42-45.

Белч[38], североисточно од Аполонија. Секако дека овие садови од охридските некрополи се наследени од постарите генерации од времето на 4. век, многу прецизно датирани со наодот од Белч, а положени како прилог во гробовите од 3.-2. век[39]. Сето тоа заедно може да се дефинира како дело на коринтската традиција сочувана во работилниците од Епир[40].

Од крајот на 4. и почетокот на 3. век се покажуваат нови моменти во релациите. Во некрополите доминира златниот накит, како нов знак на економската моќ на домашната аристократија. Накитот од некрополите Дебој, Делогожда, Црвејнца, Требенишко Кале ја покажува релацијата со Македонија и јужна Италија[41]. За некои предмети може со сигурнист да се одреди јужноиталската провениеција на накитот, што се поврзува со работилниците во Тарент (сл. 3); други се работени во работилниците во големите центри на Македонија а еден дел се дело на локалните кувенции каде покрај поедноставената техничка изработка на златните обетки, се правени истите модели во сребро и во бронза. За бронзените садови, како олпите од Црвејнца и Требенишко Кале се предлага како производен центар Кампања[42].

Што се однесува до керамиката која е сега многубројна и разнородна и покрај тоа што сè уште има многу непознаници, одново може да се определат извесни релации, било да станува збор за директен увоз, било за локална продукција, настаната под влиание на општиот дух на времето. Кантаросие од Дебој и Високо Кале сликани во West slope или Гнатија стилот, со претстава на апстракна архитектоника[43], се работени веројатно во некоја македонска работилница, бидејќи се откриени во Горна и Долна Македонија[44], но се среќаваат и во долината на Стримон околу Благоевград[45]. Керамиката од

---

[38] N. Ceka, "Die illyrien und antike Welt", *Albanien*, Mainz 1988, 247-252.

[39] M. Јованов, Античка бронза во Македонија од 5век п.н.е. до 5 в век н.е. (магистратура во печат).

[40] I. Vokotopoulou, Le trésor, 784, лебесите од Вотоноси и од Требенишко Кале помислува дека се можеби фабрикувани во епирско ателје.

[41] В. Битракова Грозданова, *Сйоменици од хеленис-шичкиош йериод во Р. Македонија*, Скопје 1987, 64-75; В. Битракова, В. Маленко, *Аншички накиш во Македонија*, Скопје 1996, 9-15.

[42] V. Bitrakova Grozdanova, "Les caracteristiques de la céramique hellénisique de la region d'Ohrid et de Prespa", B' *Ελλ. Κερ.*, Αθηναι 1990, 66–67; Еад. *Религија и умешносш во аншикаша во Македонија*, Скопје 1999, 256-285.

[43] Ископувања на некрополата кај Дебој од В. Маленко; V. Bitrakova Grozdanova, *Б'Ελλ.Κερ.* 69, П 35α.

[44] „Pella", *ΕλλΚερ Μακεδονίας*, 95–117.

[45] M. Damaradzki, "The Lover Strumešica valley", *Ogražden and the Srumešnica valley in the second half of the first millenium*, B. C. Krakow 1983, 54, fig.1.

населбата на Лихнид е богата со разни техники и форми. Некои се во тесна врска со Епир некои со Илирија. Но можат да се издвојат многу локални работилници, мислам на охридскиот регион. Струга до неодамна имаше керамичко рачно производство, што упатува на постоење на добра глина во регионот како база за развој на керамичарство. Керамичките садови ги имитираат формите на тоа време застапени на пошироката регија на Балканот. Калапените луксузни чаши со флорална и фигурална декорација се понекогаш од највисок квалитет, домашни (сл. 4) или увезени, од првата половина на 2. век. Но од послаб квалитет се среќава импорт од исти чаши од Дирахион од крајот на 2. век (сл. 5)[46].

Монетите кои ја следат трговијата се секако главен индикатор за согледување на комуникациите на двете регии. Откриени се монетите на македонските владетели, а најбројни се на Антигон Гонат, на епирскиот Пирос, на Истиеја Еубејска, кои се повеќе на број дури во скромната населба на Голем Град на Преспа[47]. Монети на илирските владетели не се откриени, со исклучок на една на Гентиус[48]. Но затоа од 2. век пр.н.е. натака во циркулација се монетите на грчките колонии Аполонија и Дирахион и во двете соседни регии, кои како е познато, имаат голема популарност во тоа време низ Балканот та стигнуваат и до Дакија. Но треба да се потсетиме и на постоењето на Лихнидската монетарница од почетокот на 2. век, чии монети, како досега беше познато, кратко време се ковани; откриени се во една многу тесна област, што зборува за една локална циркулација[49]. Но во последните години се најдени неколку примери во прилепскиот крај, најверојатно како депо и еден пример во една куќа во ископувањата во Пела[50].

Охридско-преспанското културно единство се чувствува од 2. век натака, но тоа треба да се третира условно, што значи засега имаме само такви откриени податоци. Продукцијата на исти тип плитки чинии за сервирање на риба е огромна, на

[46] V. Bitrakova Grozdanova, *B' ΕλλΚερ*, 66–74. Ead, "Contribution à l'étude de la céramique hellénistique locale en Dassarétie", *Δ ΕλλΚερ*, Αθήνα 1997, 119–122; Ead. "Les bols à relief de la région d'Ohrid", *E'ΕλλΚερ*, Αθήνα 1999, 448, Π. 219 γ.

[47] В. Битракова Грозданова, *Сйоменици*, 90-91.

[48] Ibid, 92-93; Д. Размоска Бачева, „Една монета на Гентиус од Охрид", *МНГ* 1, Скопје 1994, 63-67.

[49] В. Битракова Грозданова, *Сйоменици* 97.

[50] Во ископувања во Пела од Анастасиа Хрисостому во една куќа откриена е една монета на Лихнид, податок обелоденет кај Г. Καραμήτρου-Μεντεσίδη, op.cit.75.

бронзен накит од териоморфен тип или ланселоидните фибули, кои пак се среќаваат од илирскиот простор до Горна Македонија и до Дион (Долна Македонија)[51]. И во доменот на увезената керамика Преспа може да се поврзи со наоди од Петрес (Леринско) и со Пела со работилница од почетокот на 1 век[52]. Дури и тегулите од кровна конструкција со натписите ПРЕΥΡΑΤΟΣ од Град[53], од 2. век п.н.е., се среќаваат и на островот Св. Аил[54].

Овој краток преглед на трговски и културни комуникации, кој не е краен, но е само избор, би го завршила со ексклузивниот наод на „македонски тип на гробница". Сместена е на источните падини на раноантичкиот Лихнид, каде подоцна југоисточно од неа ќе биде подигнат театарот. Според типолошките одлики е блиска на гробницата од Пидна, датирана во крајот на 3. или почетокот на 2. век, потоа со гробниците од Амфиполис и Ставрополис (Ксанти). Сè повеќе станува јасно колку Лихнид бил поблиску до македонските градови. Наоѓајќи се на граничниот простор меѓу Македонија и Илирија, лихнидскиот регион и Преспа, со најновиот фундус на наоди покажува во која мера припаѓа на културната сфера на Горна Македонија, како што се нарекуваше планинскиот појас на северозападната страна на географска Македонија.

---

[51] За наодите од населбата Голем Град види В. Битракова Грозданова, „Преспа", *МАА* 9, 187-211, *МАА* 10, 101-131.

[52] Π. Αδάμ–Βέλενη, Πέτρες, Φλόρινας, *Δ'ΕλλΚερ*, Αθήνα 1997, 143; Ι. Ακαμάτης, Πήλινες μήτρες αγγειων από την Πέλ–λα, Αθήνα 1993; Α. Χρισοστομου, "Εδεσσα", *ΕλλΚερ Μακεδονίας*, Θεσσαλονίκη 1993, 133.

[53] В. Битракова Грозданова, *Δ'ΕλλΚερ*, 120–122.

[54] Θ. Ρηζάκης–Γ. Τουράτσογλου, *Επιγραφές άνω Μακεδονίας*, Αθήνα 1985, αρ. 179.

RESUME

LA REGION D'OHRID-PRESPA DANS LA HAUTE ANTIQUITE

Les recherches archéologiques faites ces dernières années dans la région d'Ohrid-Prespa complètent continuellement nos connaissances et nos conclusions relative à la vie des agglomerations sur ce territoire. A l'occasion du 50ème anniversaire de la revue "Antiquité Vivante", ou sont très souvent publiés des articles sur les fouilles, surtout sur celles faites à Ohrid, j'ai traité quelques questions sur les deux régions qui sont communes quant à leur culture matérielle, mais parfois différent quant au commerce et aux relations culturelles avec certains pays, voisins et plus éloignés, de la Méditerranée antique.

Strabon parle des lacs de Lychnis et l'historiographie actuels les nomme "dassarètes". La vaste Dassarétide, dont la définition la plus adéquate est peut-être celle de "région transitionnelle" entre la Haute Macédoine, l'Epire et l'Illyrie se rapportant ainsi au territoire de Prespa-Ohrid qui en fait partie, est tournée à la fois vers l'est, l'ouest et le sud. On peut suivre toutes les voies de communication grace aux vestiges des strates culturelles. Ainsi, la céramique peinte mate du VIII-VII ème siècle, découverte sur la Citadelle d'Ohrid, est la première preuve de l'orientation de cette région vers l'Epire et la Haute Macédoine, en reflétant ainsi les courants les plus lointains de l'époque géométrique du sud des Balkans.

Les trouvailles des tombeaux princiers de Trebenista et de Delogozda sont de nouvelles et puissantes preuves sur les relations commerciales. En particulier, le groupe de vases luxueux en bronze, importés de plusieurs centres toreutiques de Laconie, de Corinte etde l'Italie du sud, ont des caractéristiques stylistiques pures et combinées. On y joint aussi l'application du lion assoupi de Delagozda, un archaisme tardif dont on trouve des exemples aussi sur le territoire de l'Epire et en Messapie. Les relations directes ou indirectes sont également confirmées par la céramique corinthienne importée ou par son imitation.

Les strates culturelles du IV au IIe siècle manifestent des caractéristiques semblables: vaisselle en bronze dont on trouve des analogies en Epire, une orfévrerie riche qui est en relation avec l'Italie du Sud etla Macédoine, ainsi que des produits locaux qui imitent l'importartion. La céramique vit aussi une riche production locale inspirée plus de l'importation de la Macédoine et de l'Epire et moins de celle de l'Adriatique.

A partir du IIIe siècle se joint la région de Prespa avec des confirmations de strates culturelles qui manifestent des caractéristiques identiques avec celles d'Ohrid et de Haut Macédoine. Les plus proches sont peut-être les preuves numismatiques sur la circulation du moyen de paiiiement et sur les relations commertiales telles les monnaies des souverains de Macédoine, de l'Epire, des colonies Apollonie et Dyrrachion.

Enfin, le tombeau de «type macédonien, découvert dans la banlieue de Lychnidos de la haut antiquité, à proximité du théatre, ainsi que les autres données archéologiques- épigraphiques, témoignent dans quelle mesure on peut considérer que la région de Lychnidos et Prespa appartenait à la sphère culturelle de la Haute Macédoine.